**НАЦРТ**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 8, член 20 став 1 алинеја 11, а во врска со член 80 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (“Службен весник на Република Македонија ” бр.184/13,13/14,44/14, 101/14, 132/14), Законот за сметководството на непрофитните организации (“Службен весник на Република Македонија ” бр.24/03,13/05,14/07 55/07 и 17/11), Правилникот за сметководството за непрофитни организации (“Службен весник на Република Македонија ” бр.42/03, 8/09,12/09 и 175/11) и Правилник за сметководствениот план и билансите на непрофитните организации (“Службен весник на Република Македонија ” бр.117/05 и 11/06), согласно член 15 став 1 алинеа 7 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година и Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-5348/2 од 05.11.2014 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на својата 17-та седница одржана на ден 05.11. 2014 година, донесе

# Н А Ц Р Т - П Р А В И Л Н И К
за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

## I ОПШТА ОДРЕДБА

### Член 1

Со овој правилник се пропишуваат процедурите за финансиското и сметководственото работење на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, водењето сметководство, деловните книги, потребните документи за обработка на податоците, признавање на приходите и расходите, пописот на средствата, пресметувањето, фактурирањето и наплатата на годишниот надоместок за дозволата за телевизиско или радио емитување, за годишниот надоместок за надзор остварен со реемитуваните програмски сервиси или со обезбедувањето на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, и други прашања во врска со финансиското и сметководственото работење на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## II НАЧИН НА ВОДЕЊЕ НА СМЕТКОВОДСТВОТО

### Член 2

Сметководството на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се води на начин со кој се обезбедува точно, сеопфатно, благовремено, ажурно и поединечно прикажување на билансните позиции, состојбите на средствата, изворите на средствата, обврските, приходите, расходите и резултатите од работењето согласно Правилникот за сметководството на непрофитни организации (“Службен весник на Република Македонија ” бр.24/03,42/03, 8/09,12/09 и 175/11) и Правилник за сметководствениот план и билансите на непрофитните организации (“Службен весник на Република Македонија ” бр.117/05 и 11/06).

## III ДЕЛОВНИ КНИГИ, СМЕТКОВОДСТВЕНИ ДОКУМЕНТИ И ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ

### Член 3

Во сметководството на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се водат деловни книги за годината на работење која е еднаква на календарската година.

Деловните книги се водат на македонски јазик со арапски цифри и вредности изразени во денари.

### Член 4

Деловни книги во сметководството на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се: дневник, главна книга и помошни книги (книга за благајна, книга за влезни сметки, книга за излезни сметки  и книга за набавки) .

Внесувањето и обработката на податоците на настанатите деловни промени, односно трансакции, се врши со помош на електронски сметач или пак механички со запазување на начелото за правилно водење.

### Член 5

Внесувањето на податоците во деловните книги мора да се заснова врз основа на вистинити и уредни сметководствени документи.

Сметководствениот документ е писмен доказ за настанатата деловна промена, односно за извршената трансакција.

Сметководствениот документ служи како основа за внесувањето на податоците во деловните книги, а истовремено и како основа за контрола и ревизија на работењето.

Раководителот на Секторот надлежен за вршење на економско-финансиски работи на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е одговорен за составувањето на сметководствените документи, а директорот на Агенцијата или неговиот заменик, со својот потпис на документот гарантира дека документот е вистинит и реално ја прикажува деловната промена, односно трансакција.

## IV ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ

### Член 6

Признавањето на приходите и расходите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се спроведува според модифицираното начело на настанувањето на деловните промени и трансакции на начин утврден со член 13 од Законот за сметководството за непрофитните организации и член 18 од Правилникот за сметководството за непрофитните организации.

Член 7

Признавањето на приходите се врши врз основа на почитување на начелото на модифицирано настанување.

Во сметководството се признаваат само приходите кои се остварени (наплатени), до 31 декември во тековната деловна година, или пак се остварени во рок од 30 дена од истекот на пресметковниот период на кој се однесуваат, односно најдоцна до 31 јануари во наредната година под услов да се однесуваат на пресметковниот период и да служат за покривање на обврските од тој пресметковен период.

Член 8

При утврдувањето на расходите се применува модифицирано настанување, односно се признаваат расходите кои се платени до 31 декември во пресметковниот период, или во рок од 30 дена од истекот на пресметковниот период, односно до 31 јануари наредната година, под услов расходите да се однесуваат на наведениот пресметковен период.

Член 9

Пресметката на даноците се врши врз основа на даночните основи утврдени согласно соодветните законски прописи кои се во важност во Република Македонија.

## V ПРОЦЕНУВАЊЕ НА БИЛАНСНИТЕ ПОЗИЦИИ, РЕВАЛОРИЗАЦИЈА И ПОПИС

Член 10

Долгорочните и краткорочните средства се искажуваат по набавна вредност. Набавната вредност на краткорочните средства ја сочинува куповната цена зголемена за увозни царини, даноци кои не можат да се рефундираат и сите други издатоци кои директно можат да се додадат на набавната вредност, односно трошоците за набавка.

Долгорочните материјални средства ги опфаќаат градежните објекти, опремата и други материјални средства, електронски, електрични и механички алатки и постројки, машини за пишување, сметање, умножување и музички инструменти, намештај и превозни средства и останати средства.

Основица за отпис на долгорочните средства е набавната, односно ревалоризираната вредност на долгорочните средства.

Отписот на вредноста на долгорочните материјални средства се спроведува со праволиниска метода на отпис со примена на годишните стапки пропишани во Правилникот за сметководството за непрофитните организации.

Член 11

Паричните средства во благајната и на сметките во домашна валута се внесуваат во главната книга во номинален износ според доставените изводи за тие сметки, а пак девизните средства на сметките во деловните банки и во

девизната благајна во странска валута се искажуваат во денари според средниот курс на Народната Банка на Република Македонија на денот на билансирањето.

Член 12

Задолжувањето на вработените во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со аванси (денарски и девизни) се врши врз основа на заверено решение и патен налог.

Раздолжувањето на авансите по патните налози за службените патувања во земјата и странство се врши во рок од 5 (пет) работни дена од денот на враќањето од патувањето.

Секое вработено лице при реализирање на службено патување остварено со авионски превоз на терет на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, при раздолжувањето на патниот налог должно е да ја приложи бординг картата како доказ дека патувањето е реализирано.

Член 13

Обврските на Агенцијата кон добавувачите, вработените, обврските за плати, даноци и придонеси се искажуваат согласно нивната вредност која е во соодветниот сметководствен документ.

Член 14

Отпис на побарувањата се врши по основ на застареност на побарувањето, правосилна судска одлука, ненаплатено побарување кај субјекти во случај на стечај или ликвидација.

Член 15

Долгорочните материјални средства чија поединечна вредност во моментот на набавката е пониска од 300 евра во денарска противредност се класифицираат како ситен инвентар кој што притоа се отпишува еднократно независно од корисниот век на употреба.

Член 16

Амортизација се пресметува поединечно за секое средство според стапките пропишани со Правилникот за сметководството на непрофитни организации, се додека во целост не биде надоместена. Кога ќе се надомести целокупната вредност на средството, се престанува со понатамошно пресметување на амортизацијата. Истото важи и доколку средствата и понатаму се во употреба.

Член 17

Долгорочните материјални и нематеријални средства се ревалозираат на начин пропишан од министерот за финансии

Член 18

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги најмалку еднаш годишно е должна да врши усогласување на состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба што се утврдува со попис на 31 декември, на начин пропишан од министерот за финансии.

Член 19

Врз основа на донесен акт од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се формира комисија за попис, односно се определуваат нејзините членови и нивните заменици, задачите кои треба да ги извршат, времето на започнување на пописот и рокот за доставување на извештајот за извршениот попис со пописните листи.

Член 20

Советот за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го усвојува Извештајот за извршениот попис со донесување на одлука.

Извештајот за извршениот попис и одлуката на Советот на Агенцијата за усвојување на Извештајот, заради книжење на разликите и усогласувањата на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот, се доставува до Секторот надлежен за вршење на економско-финансиски работи најдоцна дваесет дена пред законскиот рокот за доставување на годишната сметка.

## VI ОСНОВНИ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

Член 21

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за годината која завршува на 31 декември составува финансиски извештај и тоа:

- Биланс на состојба ;
- Биланс на приходите и расходите ;
- Белешка за распоредување на резултатот ;
- Даночен биланс ;
- Посебни податоци за државна евиденција на непрофитните организации и
- Структура на приходи по дејности.

Член 22

Финансискиот извештај од член 21 на овој Правилник го усвојува Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## VII ФАКТУРИРАЊЕ И НАПЛАТА НА ГОДИШНИОТ НАДОМЕСТОК ЗА ДОЗВОЛА ЗА ТЕЛЕВИЗИСКО ИЛИ РАДИО ЕМИТУВАЊЕ И НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА НАДЗОР НА ОПЕРАТОРИТЕ КОИ РЕЕМИТУВААТ

## ПРОГРАМСКИ СЕРВИСИ ИЛИ ДАВАТЕЛИТЕ НА АУДИОВИЗУЕНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Член 23

Годишниот надоместок за дозволата за телевизиско или радио емитување се пресметува за секоја тековна година, почнувајќи од датумот на доделувањето на дозволата.

Пресметувањето на годишниот надоместок за дозволата, наведен во став 1 на овој член, се врши врз основа на формулата содржана во член 80 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Правилникот за форматите на програмските сервиси на радиодифузерите ("Службен весник на Република Македонија" бр. _______) и Правилникот за подрачјата на емитување на телевизиски и радио програми ("Службен весник на Република Македонија" бр. _______).

За утврдениот годишен надоместок се изработува фактура во согласност со издадената дозвола за телевизиско или радио емитување.

Во фактурата е наведен рокот за плаќање на истата, кој изнесува 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата.

Фактурата за наплата на годишниот надоместок за дозволата за телевизиско или радио емитување, за секоја тековна година се издава најдоцна 5 (пет) работни дена од датумот на доделувањето и важењето на дозволата за телевизиско или радио емитување.

Член 24

Доколку по доставената фактура, имателот на дозволата за телевизиско или радио емитување, не изврши плаќање на пресметаниот надоместок во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата, Советот на Агенцијата согласно член 83, а во врска со член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, покренува постапка за одземање на дозволата за телевизиско или радио емитување по предлог на директорот на Агенцијата.

За покренатата постапка за одземање на дозволата, се известува имателот на дозволата со писмено известување.

По покренувањето на постапката за одземање на дозволата, Советот на Агенцијата е должен во рок од 15 дена од денот на приемот на предлогот на директорот на Агенцијата, да донесе одлука со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Доколку имателот на дозволата за телевизиско или радио емитување во рок од 15 дена од денот на приемот на предлогот на директорот за одземање изврши плаќање, покренатата постапка за одземање на дозволата се запира.

Доколку имателот на дозволата за телевизиско или радио емитување не изврши плаќање на надоместокот, по доставената фактура во рокот наведен во став 3 на овој член, истата ќе биде сторнирана и ќе му биде издадена нова фактура која ќе се однесува само на периодот на работењето, односно до денот на донесувањето на одлуката за одземање на дозволата. Издадената фактура за наведениот период, ќе треба да се плати не подоцна од 8 (осум) дена од денот на нејзиното идавање. Во спротивно наплатата на долгот, ќе се врши по судски пат.

Член 25

Годишниот надоместок за надзор го плаќаат операторите кои реемитуваат програмски сервиси или давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање.

Висината на годишниот надоместок за надзор од став 1 на овој член се пресметува врз основа на член 142 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и истиот изнесува 0,5% од вкупниот годишен приход на операторите кои реемитуваат програмски сервиси или на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, остварен во текот на претходната календарска година, или пократок дел од годината кога операторот кој реемитува програмски сервиси или давателот на аудиовизуелни медиумски услуги по барање почнал да ја обезбедува услугата.

Операторите кои реемитуваат програмски сервиси или давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање се должни најдоцна до 15 март во тековната година до Агенцијата да достават извештај за износот на вкупниот приход.

Агенцијата, врз основа на доставениот извештај, изготвува решение за утврдување на обврската за плаќање на годишниот надоместок за надзор на реемитуваните програмски пакети кои го врши Агенцијата. Врз основа на решението се издава фактура за годишен надоместок за надзор.

Операторите кои реемитуваат програмски сервиси или давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, фактурата за годишниот надоместокот за надзор се должни да ја платат најдоцна до 15 април во тековната година на сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Доколку не го платат надоместокот во законски определениот рок, односно најдоцна до 15 април во тековната година, наплатата на годишниот надоместок ќе се врши по судски пат.

Доколку кај Агенцијата постои основано сомнение за вистинитоста на остварениот годишен вкупен приход, има право на трошок на операторот кој реемитува програмски сервиси или на давателот аудиовизуелни медиумски услуги по барање да изврши процена на истиот од страна на надворешен ревизор. Во случај кога проценетиот вкупен приход отстапува од пријавениот вкупен приход, при наплата на годишниот надоместок, Агенцијата ќе го задолжи операторот кој реемитува програмски сервиси или давателот на аудиовизуелни медиумски услуги по барање да ја плати пресметаната разлика.

## VIII ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ПЛАН

Член 26

Годишниот финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги содржи податоци за реализација на планираните активности, планираните приходи и расходи на Агенцијата за наредната година групирани по структура и по организациона структура на Агенцијата, како и предвидените капитални инвестиции за наредната година.

Советот на Агенцијата на предлог на директорот на Агенцијата донесува одлука за усвојување на Годишниот финансиски план за секоја тековна година.

Во текот на годината може да се врши измена на годишниот финансиски план (пренамена на планираните средства, зголемување на планираните средства) по расходни ставки, доколку се работи за расходи кои не можеле да бидат предвидени. За сите наведени измени треба да постои писмено образложение.

Одлуката за измена на финансискиот план ја донесува Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на предлог на директорот на Агенцијата.

## IX ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 27

Со донесувањето на овој Правилник престанува да важи Правилникот за процедурите на финаниското и сметководственото работење на Советот за радиодифузија на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија”, бр.64/2012).

Член 28

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**Бр.__________**

**______.2014 година**
**Скопје**

**Агенција за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Скопје**

**Претседател на Советот на Агенцијата,**

**______________________**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**